## УПЛАТЕТЕ ГОТОВИНА ВО СЕКОЕ ВРЕМЕ НА CASH-IN БАНКОМАТИТЕ НА СТОПАНСКА БАНКА!

### ЧЕКОР ПО ЧЕКОР ЛЕСНА УПЛАТА:

- Пронајдете го најблискиот банкомат означен со "CASH IN" и извршете уплата на готовина. Речиси сите банкомати во филијалите се оспособени со Cash-IN функционалност.

Започнете ја CASH IN трансакцијата на еден од овие два начини:

1. Бесконтактно: на АТМ-от допрете ја картичката до читачот од десната страна до тастатурата и потоа внесете ПИН-код и притиснете ENTER.
2. Класично: Внесете ја картичката во банкоматот и внесете ПИН-код.

CASH IN банкоматите се бесконтактни што значи за да извршите трансакција доволно е само да ја допрете картичката до бесконтактниот читач. Вметнување на картичката во банкоматот не е неопходно.




### УПЛАТА ВО 3 ЧЕКОРИ:

1. На првиот екран, во долниот лев агол одберете **УПЛАТИ ГОТОВИНА**




2. На следниот инфо-екран одберете **Потврди** за да се отвори преградата на банкоматот во која треба да ги внесете банкнотите.




- Со ова потврдувате дека ќе внесете ДЕНАРИ во рамки на препорачаните трансакциски лимити кои се наведени на екранот. Важно е банкнотите да се уредно наредени и ставени во отворот за банкноти – исправени, а не превиткани.
- Доколку внесената готовина е вон трансакциските лимити од екранот, трансакцијата ќе биде одбиена, а внесената готовина ќе биде вратена за да ја повторите трансакцијата во рамки на препорачаните трансакциски лимити.

3. На екранот се прикажува спецификација со внесените банкноти, ја потврдувате и уплатата се евидентира на сметката поврзана со картичката со којашто сте ја извршиле уплатата.




### ВАЖНИ НАПОМЕНИ:

- Уплатата се евидентира на сметката поврзана со картичката што се користи за иницирање на процесот на уплата на банкомат (дебитна или кредитна).
- Овозможена е уплата само на денари.
- Максималниот лимит за поединечна уплата е 100 книжни банкноти/денари.
- Прием на сите денарски банкноти од апоенски состав 10, 50, 100, 200, 500, 1000, 2000.
- Уплатата на готовина е без провизија.
- За успешна уплата важно е банкнотите да се уредно наредени и ставени во отворот за банкноти.
- Cash In трансакции не може да се реализираат преку Google Pay™ услугата.

## За уплатите од физичките лица:

- Уплатите на дебитните картички веднаш се ставаат на располагање на картичката.
- Уплатите на кредитните картички се ставаат на располагање на картичката еден час по извршената уплата. Доколку уплатата на кредитна картичка е извршена надвор од работното време на платниот промет, уплатените средства ќе бидат ставени на располагање следниот работен ден.
- Поставени се трансакциски лимити за уплата кои се комуницираат со уплаќачот преку инфо-екранот од чекор 2 (лимитите може да бидат променети согласно интерните акти на Банката). Уплатата ќе биде успешна само доколку е во рамки на препорачаните трансакциски лимити.
- Месечен кумулативен лимит од уплати на картички на физички лица е 500.000 денари.

## За уплатата од правните лица (компании):

- Правните лица за уплата на готовина на банкомат мора да поседуваат Business картичка (се издава во брза постапка).
- Сите уплати на правните лица се евидентираат како уплата на ДНЕВЕН ПАЗАР на главната (платежна) сметка на правното лице (не на наменската сметка на Visa Business картичката). Уплатите се евидентират на сметката истиот ден доколку се направени во работното време на платниот промет.
- Уплатите надвор од работното време на платниот промет се евидентираат следниот работен ден.
- Уплатите на дневниот пазар на банкоматите се без провизија во кое било време на денот.
- Може да се направат повеќекратни уплати во денот, без дневен или месечен трансакциски лимит за уплата, но во една трансакција може да се внесат најмногу до 100 книжни банкноти.

**Проверете ја нашата веб-страница www.stb.com.mk со приказ на локацијата на сите Cash-IN банкомати.**

## СКОПСКИ БАНКОМАТИ СО МОЖНОСТ ЗА УПЛАТА (Cash-IN функција)

| | |
|---|---|
| 1. | Capitol Mall Скопје |
| 2. | Тинекс Раде Кончар (Лоби АТМ) |
| 3. | СБ Филијала Јане Сандански |
| 4. | СБ Филијала Реонски Центар |
| 5. | СБ Филијала Бутел |
| 6. | СБ Филијала Визбегово |
| 7. | East Gate Mall |
| 8. | СБ Филијала Маџари |
| 9. | СБ Филијала Ченто |
| 10. | СБ Филијала Автокоманда |
| 11. | СБ Филијала Ѓорче Петров |
| 12. | СБ Филијала Порта Влае |
| 13. | СБ Филијала Илинден |
| 14. | Веро 2 Тафталиџе |
| 15. | City Mall Скопје |
| 16. | Супер Кит-го маркет Тафталиџе |
| 17. | Супер Тинекс Борис Трајковски |
| 18. | СБ Филијала Кисела Вода |
| 19. | СБ Филијала Расадник |
| 20. | СБ Филијала Драчево |
| 21. | ТЦ Сарај |
| 22. | Ramstor Mall |
| 23. | СБ Филијала ГТЦ |
| 24. | СБ Филијала Веро Центар |
| 25. | СБ Филијала Капиштец |
| 26. | СБ Филијала Буњаковец |
| 27. | СБ Филијала Чаир |

Во градовите надвор од Скопје банкоматите со можност за уплата на готовина (Cash-IN ATM-и) се наоѓаат во рамките на СБ филијалата, а дополнително во Тетово банкомат со Cash-IN функција има и во Веро Џамбо маркетот.

**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**
**членка на NBG групацијата**
На ваша страна

11/2023 www.stb.com.mk




ATM 24/7
stb.com.mk
Контакт центар
02 3100 109
i-bank NBG GROUP

# CASH IN

# УПЛАТИ ГОТОВИНА
## ВО БИЛО КОЕ ВРЕМЕ